Архивски број: 0801-279/6
23-12-2021 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-279/1 од 30.09.2019 поднесена од [redacted] ул. [redacted] Скопје, против Јавна Установа за деца – Детска Градинка 8- Април, директор (Сонгул Шабан Ахмед), за сторена дискриминација врз основ на политичка припадност во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 23.12.2021 г. го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ЗАПИРАЊЕ** НА ПОСТАПКА: врз основа на политичка припадност во областа на работа и работните односи од страна на Јавна Општинска Установа за деца – Детска Градинка 8 - Април – Шуто Оризари Скопје.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Комисијата за заштита од дискриминација на 30.09.2019 г, беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] со место на живеење ул. [redacted] Скопје, против Јавна Општинска Установа за деца – Детска Градинка 8 - Април – Шуто Оризари Скопје.

Во претставката подносителот наведува:

Со Решение бр.03-153/1 од 31.10.2018 година за избор на кандидат по јавен оглас бр. 04-001-08 од 26.09.2018 година била примена за извршител на работно место негувател во Јавна Општинска Установа за деца – Детска Градинка 8 - Април – Шуто Оризари Скопје. Дискриминацијата според подносителката настанала кога, Директорот на Јавна Општинска Установа за деца – Детска Градинка 8 - Април – Шуто Оризари Скопје, донел Решение 0402-32/1 од 19.03.2019 година за поништување на Решението со кое била вработена [redacted]

За ваквата постапка на директорот на Јавна Општинска Установа за деца – Детска Градинка 8 - Април – Шуто Оризари Скопје, подносителката [redacted] во претставката уверува дека е сторена по основ на политичко уверување поради различни политички уверувања и погледи со градоначалникот на истата општина, поради сето ова подносителката поднела поднесоци за заштита на своите права од повеќе државни институции, органи и Основен суд 2 Скопје.

На 03.06. 2021 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно чл 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Известување бр. 0801-279/2 до Јавна Општинска Установа за деца – Детска


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Градинка 8 - Април – Шуто Оризари Скопје, за писмено произнесување по наводите во претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето. На 12.07. 2021 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно чл 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Ургенција со бр. 0801-279/3 до Јавна Општинска Установа за деца – Детска Градинка 8 - Април – Шуто Оризари Скопје, за писмено произнесување по наводите во претставката, во рок од 8 дена од приемот на известувањето.

На 23.12.2021 г. од страна на подносителката [redacted] по електронска пошта во архивата на Комисија за спречување и заштита од дискриминација пристигна изјава за повлекување и запирање на претставката поради отстранување на повреда на нејзиното право во Јавна Општинска Установа за деца – Детска Градинка 8 - Април – Шуто Оризари Скопје, заведена во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со број 0801-279/5 од 23.12.2021 година.

По приложените фактите и аргументи во претставката Комисијата за Спречување и Заштита од Дискриминација согласно чл. 27 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација донесе мислење за **ЗАПИРАЊЕ НА ПОСТАПКАТА** како што стои во диспозитивот.

Изработил: член на КСЗД
**Лимко Бејзароски**
Со почит!
Скопје

23.12.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседателка
**Весна Бендевска**

Доставено до:
- [redacted] Скопје
- Ј.О.У.Д.Г.„8-ми Арил"- ул.Вашигтонска бр.49 Скопје


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk